# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**2018**
**СЕПТЕМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **10**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 0 работни односи | 0 образование | 1 социјална сигурност |
| 4 здравство | 2 пристап до добра и услуги медиуми | 1 домување |
| 0 медиуми | 0 избирачки права | 2 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **7**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 4 соопштение од здр. на граѓани | 0 протест |
| 2 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| | |
|---|---|
| Активности на ДИ: 0 | Активности на здрж. на граѓани: 1 |

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10% род | 20% сексуална ориентација | 0% етничка припадност | 20% религија |
| 0% политичка припадност | 0% попреченост | 30% корисници на дрога | 20% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 8 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 2 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 0 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2018




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД СЕПТЕМВРИ 2018

### СЛУЧАЈ:

Хелсиншкиот комитет во текот на месец септември регистрираше дискриминација врз основа на религија и верско уверување во пристап до добра и услуги (ресторан). Согласно тврдењата на странката, таа заедно со две пријателки се обидела да влезе во ресторанот. Во моментот кога пристапиле до ресторанот странката носела хиџаб, додека нејзините пријателки не носеле хиџаб. На самиот влез од ресторанот тие биле пречекани од келнер, кој ги прашал дали имаат резервација во ресторанот. На ваквото прашање тие одговориле дека немаат резервација и дека сакаат да се напијат кафе. Келнерот им рекол дека и за пиење кафе им е потребна резервација, иако во тој моментот ресторанот бил празен. Откако не им било дозволено да седнат во ресторанот, лицата го напуштиле истиот.

Десетина минути подоцна, една од пријателките на странката се вратила во ресторанот со својот партнер, при што им пристапил друг келнер. На прашањето дали има место во ресторанот и дали им треба резервација, келнерот одговорил дека не е потребна резервација и дека има место.

После ваквото објаснување пријателката на странката го прашала келнерот зошто пред десетина минути не и бил дозволен пристап во ресторанот на нејзината пријателка која носела хиџаб и дали ресторанот им забранува пристап на жени и девојки кои носат хиџаб. Откако не добила одговор таа го напуштила ресторанот. Хелсиншкиот комитет за човекови права за овој случај поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација. Постапката се уште е во тек.

### СУДСКА ПРАКСА:

Во пресудата во случајот Беди против Сојузна Република Германија[1], Судот на правдата на ЕУ (СПЕУ) утврди индиректна дискриминација по основ на попреченост во одредбите од колективниот договор за социјална заштита на вработени во вооружените сили на Германија.

Имено, г-дин Беди е лице со потешка попреченост, со признат инвалидитет од 50%. Во текот на 1978 година се вработил како цивилен работник во вооружените сили, а понатаму како обезбедување во станица во Мунстер. Неговиот договор за вработување се темели на колективниот договор за социјална заштита на вработени во вооружените сили сместени на територијата на државата, меѓу кои е предвидено право на привремен надоместок при невработеност и вршење работи надвор од вооружените сили. Во 2013 година, договорот за вработување на г-дин Беди бил откажан поради затворање на станицата каде што работел, поради што од 2014 година започнал со примање на привремен надоместок, кој изнесувал 1.604 евра месечно. Во текот на 2014 година г-дин Беди започнал да работи како обезбедување во приватна компанија. Со исполнување на условите за предвремено пензионирање, во 2015 година г-дин Беди бил известен дека поради истото му се прекинува додатокот. Предвремената пензија на г-дин Беди изнесувала 940 евра месечно.

Судот во разгледување на случајот согледа дека за разлика од работниците без попреченост, работниците со попреченост не можат, дури и да сакаат да продолжат со работа и притоа да бидат приматели на привремениот надоместок до стекнување на старосна пензија. Судот во пресудата напоменува дека треба да се земе предвид кај лицата со тешка попреченост финансиските потреби не се намалуваат, а постои ризик дека истите би се зголемиле, реферирајќи на претходна судска пракса[2].

Во таа насока, различниот третман не е оправдан и нанесува прекумерна штета врз легитимните интереси на работниците со тешка попреченост и со тоа го пречекорува она што е нужно за постигнување на целите за социјална политика.

[1] Case C-312/17 Bedi v. Bundesrepublik Deutschland and Bundesrepublik Deutschland in Prozessstandschaft für das Vereinigte Königreich von Großbritannien und Nordirland, Judgment of the Court (Third Chamber) of 19 September 2018

[2] Судот реферира на пресудата C 152/11 Johann Odar v. Baxter Deutschland GmbH

### РЕСУРСИ:


1. Центар за студии за етницитет и расизам„Алатки за борба против исламофобијата“ - https://cik.leeds.ac.uk/wp-content/uploads/sites/36/2018/09/2018.09.17-Job-44240.01-CIK-Final-Booklet.pdf

2. Еквинет„Тела за еднаквост – Европски феномен“ - http://www.equineteurope.org/Equality-bodies-a-European-phenomenon

3. Агенција за фундаментални права „Мислење: Предизвици и можности за имплементација на Поглавјето за фундаментални права“ - http://fra.europa.eu/en/opinion/2018/charter-training

4. Хелсишки комитет за човекови права/ЛГБТИ Центар за поддршка „Извештај на спроведувањето на Препораката CM Rec (2010)5 на Совет на Европа“ - http://mhc.org.mk/reports/815?locale=mk

5. Комитет за правата на лицата со попреченост„Завршни забелешки за првичниот извештај“ https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRPD/C/MKD/CO/1&Lang=En

6. Европски институт за родова еднаквост„Индекс на родова еднаквост 2017“ - https://eige.europa.eu/rdc/eige-publications/gender-equality-index-2017-measuring-gender-equality-european-union-2005-2015-report



Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.



ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**